Geneva Centre for Security Sector Governance
20TH ANNIVERSARY

Funded by UK Government

Kingdom of the Netherlands

Sweden Sverige

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Federal Department of Foreign Affairs FDFA
**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# Програма за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија (2017-2020)

## БИЛТЕН БР. 6
## АПРИЛ - ЈУНИ 2020

Овој извештај беше под силно влијание од појавата на КОВИД-19. Оваа глобална здравствена криза претставува предизвик за успешно спроведување на активностите во рамките на Програмата. Сепак, во согласност со мерките преземени во Швајцарија и Северна Македонија, ДЦАФ остана оперативна, но мораше да се прилагоди на ситуацијата. Како резултат на тоа, активностите беа откажани, одложени или заменети. Наместо активности преку физичка средба (лице в лице), беа избрани виртуелни платформи. Покрај тоа, овој период без патувања даде можност тимот да инвестира повеќе во истражувања и правни анализи. Овој билтен подетално укажува кои видови активности може да се спроведат поради/покрај ограничувањата за движење во остварувањето на целта на Програмата.

На 10 јуни, во соработка со Шведската амбасада во Скопје, ДЦАФ беше ко-домаќин на 9-тиот состанок на Програмата за реформа на разузнавачкиот сектор - користејќи Е2Е енкриптирана мрежна платформа. Донаторската група ја сочинуваат амбасадорите и персоналот што ги претставуваат Хрватска, Делегацијата на ЕУ, Германија, Холандија, Шведска, Швајцарија, Велика Британија и САД. Точките на агендата побарани од шведскиот домаќин вклучува: одговори на КОВИД-19; ажурирања на активности; сценарија поврзани со претстојните парламентарни избори и неодамна доставениот концепт предлог на ДЦАФ за (3 + 2 години) последователна програма за интервенција.

**Реформа во секторот за разузнавање на Република Северна Македонија** ноември 2017-декември 2020

Од ноември 2017 година, Програмата има за цел да ја зајакне стабилноста, владеењето на правото и безбедноста во Република Северна Македонија, преку унапредување на отчетноста и управувањето со разузнавачкиот сектор.

Програмата е структурирана во четири групи:

- **Група I:** Реформа на разузнавачката служба - зајакнување на внатрешните заштитни и контролни механизми.
- **Група II:** Развивање на парламентарен и независен надзор.
- **Група III:** Развивање на стандардите кај судиите и обвинителите и развивање на капацитет за одобрување и ревизија на посебните истражни мерки (ПИМ)
- **Група IV: И**нструмент за брза реакција - обезбедување на ад-хок советодавна помош и асистенција на корисниците која е односна, но не директно поврзана со Групата I, II или III.

**Донатори:** Обединетото Кралство (FCO - CSSF), Холандија (Министерство за надворешни работи), Шведска (SIDA) и Швајцарија (SDC)

**Партнери:**

- Кабинет на премиерот;
- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за одбрана;
- Собрание на Република Северна Македонија;
- Служби за безбедност и разузнавање;
- Дирекција за заштита на лични податоци;
- Дирекција за безбедност на класифицирани информации;
- Академија за судии и јавни обвинители;
- Државен јавен обвинител за организиран криминал и корупција;
- Други судови и институции во правосудството
- Народен правобранител;
- Граѓански организации

# ГРУПА I

Како продолжение на процесот кој опфаќа повеќе чинители, за развој на **Стандардни оперативни процедури за надзор и контрола врз разузнавачките и безбедносните служби, беше организиран вебинар** на 30 јуни 2020 година. Онлајн пристапот преку организирање вебинари е дел од начинот на справување на ДЦАФ со КОВИД-19, за обезбедување продолжување на спроведувањето на програмата. Учесници беа претставници од разузнавачките и безбедносните служби одговорни за меѓуинституционална соработка и нивните колеги од институциите со надзорна или контролна функција во овој сектор.

Вебинарот ги сумираше знаењата и сознанијата од претходните практични работилници одржани во Скопје (10 декември 2019 година) и во Велес (19-20 февруари 2020 година). Учесниците разговараа за спецификите на условите за надзор и контрола за време на КОВИД-19 и за време на вонредна состојба и разговараа за следните активности во однос на изготвувањето на **Стандардни оперативни процедури (СОП)** за спроведување на надзор и контрола над безбедносните и разузнавачките служби. Вебинарот, каде беа претставени 15 институции, беше воден од ДЦАФ тимот со посебен придонес од проф. д-р Никола Дујовски, декан на Факултетот за безбедност во Скопје. Неговото излагање се фокусираше на важноста и значењето на контролата и надзорот преку перспективата за интеграција во ЕУ и улогата на релевантните институции во обезбедувањето одговорност во работењето на безбедносните и разузнавачките служби. Процесот за развој на СОП за надзор и контрола со повеќе засегнати страни ќе продолжи и ќе вклучува помали и пофокусирани групи за драфтирање.

Во мај, ДЦАФ иницираше изготвување на аналитички документ за правни празнини и практично спроведување на новото законодавство за реформи во безбедносниот сектор во Северна Македонија. Експертите, двајца угледни професори од Воената академија и Факултетот за безбедност, ги идентификуваа „слабостите“ или неодреденоста на законодавството и одредбите, конфликти со други одредби во другите закони, со веројатно преклопување. Во документот се истакнува дека реформата на постојното законодавство е направена со преземање од правни системи на други земји, без прилагодување на истите во македонскиот контекст и постојните капацитети на институциите од безбедносниот сектор. Новите закони нудат некои квалитетни нормативни решенија, но нивната практична примена останува дискутабилна.



# ГРУПА II

Првично изработени од ДЦАФ заедно со надворешни експерти за надзор и пратеници и објавени во мај 2018 година, **Водичот за парламентарен надзор над разузнавањето** е корисен производ на знаење за парламентарните комисии за надзор. Сепак, поради новата законодавна рамка и формирањето на нови разузнавачки институции, од неговото објавување, се појави потребата од ревидирање на Водичот. Ревизијата беше спроведена во тесна соработка со локалните засегнати страни преку неколку состаноци за ревизија, вклучително собраниски персонал и локални експерти за заштита на лични податоци и безбедност на класифицирани информации. Целта преку овој процес беше да се зголеми ефикасноста на парламентарните актери кога станува збор за процесот на надзор над разузнавањето. Покрај тоа, ова второ издание беше разгледано и ревидирано од родова перспектива. Се проценува дека конечната верзија, како и преводите ќе бидат објавени во јули или почетокот на август 2020 година.**Во почетокот на 2020 година,** ДЦАФ иницираше поблиска соработка со Националниот демократски институт (НДИ) со цел колаборативно да го поддржи македонскиот парламент во **изготвување на нови описи на работните места за парламентарниот персонал**, помагајќи да се зајакне кадровскиот капацитет за поддршка на комисиите за безбедност и разузнавање.

Потребна е оптимизација, преку координација и инклузивност на Програмите, за активности што имаат заеднички цели за да се избегне непродуктивно преклопување. Во координација со НДИ и нејзиниот локален НВО партнер, Центарот за управување со промените, договорено е ДЦАФ да биде вклучен во процес на изготвување на нови описи на работните места за парламентарните служби во работната единица за поддршка на трите комисии за надзор над безбедноста и разузнавањето. Оваа работа за НДИ е една од многуте значајни области на реформи за подобрување и оптимизација на работата на Собранието и систематизацијата на работни места.

**Механизмите за финансирање и управување со Програмата**

За Програмата беше избран здружен механизам на финансирање. Од декември 2018 година, четири земји-донатори ја финансираат Програмата: Холандија (546,449 франци), Шведска (520,000 франци), Швајцарија (500,000 франци) и Обединетото Кралство (283,917 франци), кои заедно со главниот буџетски придонес од ДЦАФ (315,000 франци) резултираат во вкупно 2,165,366 франци. Понатаму, македонскиот парламент дава нефинансиска поддршка преку обезбедување на канцелариски простор за Парламентарното лице за контакт на ДЦАФ, потоа бесплатно користењена конференциските сали и техничката опрема за целите на Програмата.

Од донаторска перспектива, Програмата ја води Координативна група на донатори составена од амбасадори и персонал кои финансиски или само политички ја поддржуваат програмата (последниве се Хрватска, Делегацијата на ЕУ, Германија и Соединетите држави). Осумте партнери активно се вклучуваат во Програмата преку обезбедување политичка и стратешка поддршка и давање насоки. Состаноците на координативната група на донатори се одржуваат квартално и домаќини на истите се донаторските амбасади на ротирачка основа.

Програмските активности од Групата II ги управува парламентарната координативна група со која претседава Генералната секретарка. Во неа се вклучени претседателите на комисиите и претставници на ДЦАФ. Се свикува двапати годишно во канцеларијата на Генералната секретарка.



# ГРУПА III

Од успешното, првично и регионално промовирање на **Прирачникот за спроведување на мерките за следење на комуникациите** кон крајот на 2019 и почетокот на 2020 година, ДЦАФ ангажираше тројца експерти за да изготват програма за обука. Тројцата локални експерти работат на развој на алатки за обука, дизајнирани да обезбедат развој на локален капацитет за обука за судско одобрување и контрола на пресретнувањето на комуникациите. Врз основа на прирачниците за обука, завршени во јуни 2020 година, тие ќе подготват и спроведат **Обука за обучувачи** во август или септември 2020 година за околу 15 практичари (судии и обвинители). Ова ниво ќе им овозможи да спроведат обука за судско одобрување на пресретнување на комуникациите за континуирана стручна обука и за основна обука на ниво на Академијата за судии и јавни обвинители. Активностите се организираат во соработка со Амбасадата на САД.



# ГРУПА IV

За време на пандемијата на КОВИД-19, ДЦАФ разви тематска експертиза и изработи **анализа поврзана со почитувањето на заштитата на личните податоци и заштитата на некои основни човекови права во услови на распуштен парламент и прогласена вонредна** состојба во Северна Македонија. Локален висок експерт за заштита на личните податоци ги идентификуваше импликациите врз мерките на заштита и здравствениот сектор во врска со појавата на КОВИД-19 во Северна Македонија од перспектива на заштита на личните податоци. Оваа анализа беше финализирана во јуни 2020 година, а наскоро ќе биде достапна на веб-страницата на ДЦАФ на македонски, албански и англиски јазик.

ЕВРОТИНК, партнер и организација на граѓанското општество со седиште во Скопје, ангажирана од ДЦАФ, го финализира првиот краток напис **Јавни пари кои се трошат тајно: Кој ги контролира финансиите на безбедносно-разузнавачките служби** што ќе биде објавен на нивната веб-страница во август 2020 година. Тимот на ЕВРОТИНК работи исто така на Документ за политика за надзор над разузнавањето со препораки насочени кон подобрување на законодавството и практиката. Откако ќе биде финализиран, проектниот тим на ЕВРОТИНК ќе го објави на својата веб-страница во текот на септември-октомври 2020 година. Покрај тоа, ако ситуацијата и условите дозволат, ЕВРОТИНК ќе организира брифинг за медиуми за нивните заклучоци. Алтернативно, ЕВРОТИНК и проектниот тим ќе го промовираат преку онлајн платформи.

Програма за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија (2017-2020)

БИЛТЕН БР. 6 АПРИЛ - ЈУНИ 2020

**Од март 2020 година**, и како составен дел од соработката со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, ДЦАФ ја поддржа Дирекцијата во нејзините напори за изготвување на **подзаконски акти за административна, физичка, индустриска, информациска безбедност и безбедност на лица корисници на класифицирани информации,** врз основа на ново донесениот Закон за класифицирани информации. Почитувани професори од Филозофскиот факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир и Правниот факултет во Скопје, беа ангажирани како експерти од ДЦАФ да го дадат својот вреден придонес. Конечните нацрт-подзаконски акти се во процес на разгледување и одобрување од Владата.

Кон крајот на јуни, проектниот тим на ДЦАФ, во соработка со внатрешниот експерт на ДЦАФ за родови прашања, објави **Брифинг документ за родот во надзорот над разузнавањето и парламентарниот надзор**. Овој труд ја разгледува важноста на вклучувањето на родовата перспектива во работата и функционирањето на институциите на разузнавачкиот сектор и преку активности за надзор. Покрај тоа, тимот го разгледа статус кво-то во Република Северна Македонија и даде препораки за подобрување. Трудот ќе послужи како олеснувач за претстојниот настан за Родот во разузнавањето, што ќе се одржи во септември 2020 година.

**СЛЕДНИ АКТИВНОСТИ**

Поради пандемијата со КОВИД-19, планираните активности или беа откажани, одложени или спроведени преку интернет алатки. Сепак, со оглед на подобрувањето на состојбата во централна Европа и заради олеснување на заштитните мерки што ги преземаат државите, персоналот на ДЦАФ постепено започна да се враќа во своите канцеларии.

Сепак, здравјето на вработените во ДЦАФ, како и на сите заинтересирани страни има најголем приоритет и затоа, спроведените активности секогаш ќе бидат прилагодени на тековната состојба, мерките секогаш ќе се почитуваат и континуирано ќе се врши проценка на ризик

**ЈУЛИ**

- Развој на стандардни оперативни процедури за надзор и контрола на разузнавачките и безбедносните служби
- Објавување на ревидираниот Водич за парламентарен надзор над разузнавањето
- Развој на Трансформативна алатка за обука заснована на Пакетот за родови и разузнавачки алатки

**АВГУСТ**

- Завршен е-состанок за финализирање и одобрување за објавување на Стандардни оперативни процедури за надзор и контрола на разузнавачките и безбедносните служби
- Подготовка на материјали за обука и друг производ на знаење за новите пратеници и собраниската служба и дисеминација
- Тридневна (две вечери) обука за обучувачи според наставната програма за обука базирана на Прирачникот надвор од Скопје

**СЕПТЕМВРИ**

- Зајакнување на капацитетот на персоналот на разузнавачките институции и вработените во парламентот за законодавството за надзор над разузнавањето
- Олеснување на изградбата на заштитена просторија и заштитен работен простор
- Тренинг активности за надзор за новите пратеници, собраниската служба, Советот за граѓански надзор, граѓански организации
- ромоција на Водичот за парламентарен надзор над разузнавањето
- Дводневна обука надвор од Скопје за правни практичари во Северна Македонија, спроведена од претходно обучените обучувач